Бр./Nr 12-2467/2
04-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со бр. 12-2467/1 од 20.07.2026 година, со наводи кои претставуваат општи констатации и искажано мислење од страна на подносителот, без наведување на конкретни факти или околности за конкретен настан кои би упатувале на постоење на елементи на корупција или судир на интерес за што е надлежна ДКСК, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не постојат основи за поведување постапка во рамки на нејзините надлежности во овој предмет.

Предметот со бр. 12-2467/1 од 21.07.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 20.07.2026 година до ДКСК е доставена пријава заведена под бр. 12-2467/1 од 20.07.2026 година, со наводи кои претставуваат општи констатации или искажано мислење на подносителот на настани кои се одвивале во подолг временски период, без наведување на конкретни податоци за лица или околности кои би упатиле на сомневање за постоење на елементи на корупција или судир на интереси кои се во надлежност на ДКСК, по која е оформен предметот со бр. 12-2467/1 од 20.07.2026 година.

При разгледување на содржината на наводите во пријавата, ДКСК утврди дека поради пријавени општи констатации и лично мислење на подносителот,без наведување на

конкретни податоци за лица или околности за конкретен настан, не постојат основи за поведување постапка во рамки на нејзините законски надлежности во овој предмет, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Дополнително, ДКСК утврди дека предметната пријава е доставена на надлежно постапување до Основното јавно обвинителство Скопје, како и дека на ден 11.05.2023 година во ДКСК бил оформен предмет бр. 12-2521/1 по поднесена пријава со идентични наводи.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил : м-р Б.К.Ш Член на ДКСК